РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Број: 04-3610/1
12-12-2025 20

Врз основа на член 5 од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година и бр.01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**ЗА УПАТУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНА ДОЛЖНОСТ ШТАБЕН ОФИЦЕР ЗА ПОДГОТОВКА НА СИЛИ (FORCE PREPARATION), ВО СОЈУЗНИЧКАТА КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ, ВО ВРХОВНИОТ ШТАБ НА СОЈУЗНИЧКИТЕ СИЛИ ЗА ЕВРОПА, ВО МОНС, КРАЛСТВО БЕЛГИЈА**

1. Се распишува интерен оглас за избор и упатување на должност Штабен офицер за подготовка на сили (Force preparation), во Ј7 Дивизијата, во Директоратот за стратегиски развој и подготовка, во Врховниот штаб на сојузничките сили за Европа (SHAPE), во Сојузничката команда за операции, во Монс, Кралсво Белгија, за период до три години.

2. **За работното место од точката 1 на овој оглас, кандидатите треба да ги исполнат следните услови**:

- да се во чин потполковник;
- активно да го познаваат англискиот јазик на ниво НАТО STANAG 6001 (SLP: 3.3.3.3);
- пред упатувањето да поседуваат национален безбедносен сертификат најмалку „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и „NATO SECRET“;
- против нив да не е изречена дисциплинска мерка за дисциплински престап во последните три години од вршењето на службата;
- да не се осудувани за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеци, односно за кривично дело во врска со службената должност, или за друго кривично дело што го прави недостоен за претставување на Републиката;
- да не им е изречена казна, забрана на вршење на професија, дејност или должност;
- да бидат оценети најмалку со службена оценка „се истакнува“ по четирите критериуми и позитивна оценка од физичките проверки во последните две години пред упатувањето (доколку подлежат на истите);
- да имаат општа здравствена и психофизичка способност, која ќе ја потврдат со лекарско уверение не постаро од една година, издадено од овластена медицинска установа, односно со наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата;
- на денот на индикативното упатување да поминале најмалку 24 месеци, од денот на завршување на претходниот мандат;
- да поседуваат работно искуство како штабни офицери во висока команда и/или здружени комбинирани штабови;
- да имаат завршено Strategic Operations Planning Course (SOPC) (JPL-OP-31378).

3. **За предност на исто рангирани кандидати ќе се смета доколку:**

- имаат познавање на втор странски јазик различен од англискиот и тоа еден од процедуралните јазици на Европската унија на ниво еквивалентно на нивото Б1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат;
- имаат познавање на службениот јазик на земјата на приемот, на ниво еквивалентно на нивото А1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат, ако службениот јазик на земјата на приемот е различен од јазикот од точка 2, алинеја 2 на овој оглас;
- поседуваат работно искуство во командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации, на работи и задачи, односно должности од обласа на која се упатува на должност;
- поседуваат работно искуство во планирање на обуки;
- имаат завршено Специјализација за командно – штабни должности;
- имаат завршено NATO Exercise Planning Course (EPC) (ETE-CT-21180).

4. **Кандидатот кој ќе биде избран за работното место од огласот ќе треба да одговори на следните работни задачи- главни должности:**

- Врховниот штаб на сојузничките сили за Европа (Supreme Headquarters Allied Powers Europe – SHAPE) обезбедува интегрирана рамка на стратешки ефекти, вклучувајќи мултифункционален и мултирегионален фокус со цел креирање на приод на 360 степени, со флексибилност да овозможи, согласно насоките, беспрекорна транзиција, од основните активности и тековните операции (Baseline Activities and Current Operations – BACO) во максимално ниво на напор (Maximum Level of Effort – MLE). SHAPE обезбедува поддршка на Врховниот командант на сојузничките сили за Европа (Supreme Allied Commander Europe – SACEUR) во исполнување на неговите услови за работење/ангажирање, а согласно насоките на Северноатлантскиот совет (North Atlantic Council);

- Директоратот за стратегиски развој и подготовка (Strategic Development and Preparation Directorate –SDP) е одговорен за развој, преглед и одржување на продуктите за стратешко планирање, напредно планирање и кризно планирање за потребите на Сојузничката команда за операции (Allied Command Operations – ACO); придонесува за развој на стратешки политики и концепти за Сојузничката команда за операции; врши подготовка на НАТО командната структура (NATO Command Structure –NCS) и на декларираните единици за тековните и идните операции во целокупниот спектар на зоната на мисии; развива насоки и упатства за школување/стручно оспособување, обука, вежби и оценување (Education, Training, Exercise end Evaluation – ETEE) согласно стратегиските политики; осигурува дека силите се подготвени во согласност со критериумите за оценување; го надгледува и извршува процесот на научени лекции (Lessons Learned – LL) на Сојузничката команда за операции.

- J7 Дивизијата ги поставува/обезбедува побарувањата потребни за подготовка на НАТО командната структура и на декларираните единици за исполнување на целокупниот спектар на тековните и идните операции и мисии на Алијансата (Alliance Operations and Missions – AOM);

- Одделот за политика и научени лекции (Policy and Lessons Learned Branch – PLL) е одговор за годишните насоки за школување/стручно оспособување, обука, вежби и оценување (SACEUR Annual Guidance, and Education, Training, Exercise and Evaluation – SAGE) на Врховниот командант на сојузничките сили за Европа, Долгорочниот ротациски план (Long Term Rotation Plan – LTRP) и за Концептуалната рамка за операциите на Алијансата (Conceptual Framework for Alliance Operations – CFAO);

- Секцијата за подготовка на сили е ракувач со клучната документација и процесите поврзани со побарувањата на командата и контролата (Command & Control – C2) во врска со операциите на Алијансата; одговорна пред Заменикот на Врховниот командант на сојузничките сили за Европа (DSACEUR) за пополнување на Долгорочниот ротациски план; одговорна за развој на годишните насоки на Началникот на штаб (Chief of Staff – COS) за внатрешните обуки на SHAPE.

- Штабниот офицер за подготовка на сили е одговорен за придонес (мониторинг, анализа, искористување и коментирање) кон концептот за развој на распоредливите сили, насоките за школување/стручно оспособување, обука, вежби и оценување (ETEE) и стандардите за силите на Сојузничката команда за операции, вклучувајќи ги, но неограничувајќи се на директивите на сили на НАТО за брзи реакции (NATO Response force – NRF), Концептуалната рамка за операциите на Алијансата (CFAO) и Долгорочниот ротационен план (LTRP); предлага изменување и подобрување на политиките, директивите, процедурите, програмите и другите процеси фокусирани врз стратешките и оперативните прашања; придонесува во развојот на здружените стандардни оперативни процедури; обезбедува координација со штабот за управување со силите и готовноста за сите прашања во врска со примопредавањето (HOTO) помеѓу подготовката на силите (Stand – up NRF) и управувањесо силите (Stand – by NRF); ги претставува Сојузничката команда за операции пред НАТО штабот, стратегиските и оперативните команди и потчинетите штабови и сили во врска со прашања поврзани со должноста што ја извршува; спроведува анализи и подготвува извештаи, студии и брифинзи согласно потребите; дејствува како шеф на секција во случај кога е овластен и кога врши надзор над персоналот во секцијата; придонесува од случај на случај кон Ќелијата за разузнавање (Intelligent Costumer Cell –IC Cell) преку извршување на следните функции: одредување и приоритизирање на воените потреби и посакуваните исходи на Сојузничката команда за операции, одредување на временски рокови за испорака и обезбедување на повратни информации за испорачаните продукти и услуги заради гаранција на квалитетот.

**Посебни услови и дополнителни задачи:**

- од кандидатот може да се бара да извршува слични должности на друго место во рамките на организацијата, согласно насоките;
- кандидатот може да биде оперативно распореден на дополнителни должности во и вон границите на НАТО;
- кандидатот може да врши и дополнителни должности (повеќе од 30 дена) во и вонграниците на НАТО;
- кандидатот може да биде ангажиран и како врска со Дивизијата за континуитет на операциите (MIL COOP - Division);
- кандидатот може да биде дел од флексибилни штабни секции со доделени поединечни задачи во согласност со стратегиските приоритети;
- од кандидатот може да биде побарано да извршува слични должности, кои не се конкретно наведени во описот на работните задачи, во рамките на Дивизијата, во согласност со потребите;
- од кандидатот може да се биде побарано да дава поддршка на вежбите и на активностите за оценување.

5. Огласот **да се објави на ден** 12.12 2025 година со истакнување на огласната табла на Министерството за одбрана, достави до сите организациски единици на Министерството, до командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија и објави на веб страната на Министерството за одбрана.

6. Рокот за пријавување на кандидатите е **десет работни дена** од денот на објавување на огласот. Пријавите по Интерниот оглас се доставуваат преку деловодството на Министерството за одбрана до организациската единица надлежна за управување со човечки ресурси, заради спроведување на постапката.

7. Кандидатите со пријавата лично до деловодството на Министерството за одбрана или по пошта како препорачана пратка до Министерството треба да достават:
- биографија со сите должности и обуки;
- мотивационо писмо;
- потврда/уверение за неосудуваност од казнената и кривичната евиденција;
- потврда/уверение за неизречена казна, забрана на вршење на професија, дејност или должност;
- лекарско уверение не постаро од една година, издадено од овластена медицинска установа, односно со наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата;
- уверение за познавање на англиски јазик.

8. Постапката по огласот се спроведува согласно Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година и бр.01-733/1 од 14.02.2023 година.

9. Кандидатите кои ќе поминат административна селекција, а кои не поседуваат валиден сертификат за познавање на англиски јазик STANAG 6001, ќе се упатат на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард.

10. Некомплетните и ненавремено доставените документи по огласот нема да бидат разгледувани.

11. Одлуката за избор на лице за упатување на должност по објавениот оглас се објавува на огласната табла во Министерството за одбрана, на веб страната на Министерството и се доставува до организациските единици во Министерството и до командите и единиците на Армијата.

Изработил: пполк. Арбен Ајрулаи
Контролирала: Елена Иванова
Согласни: Ирена Станковска
Крсте Малинковски
Одобрила: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Кабинетот на министерот за одбрана;
- Државен секретар;
- Генералштабот на Армијата;
- Сите организациски единици;
- Воената академија;
- Веб страница на МО
- Архива.п